Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut

ЩКА-ПХВ
KKA-PVH

# МАЛИ ПРОЕКТИ 2022

# ВОВЕД

*Помина и 2022 година. Година во која направивме „враќање“ после ковид пандемијата. Година во која ПХВ програма ја спуштивме на локално ниво, односно сите обуки беа реализирани од страна на ПХВ дисеминаторите. Мали чекори, но големи промени. На тој начин добивме една поголема посветеност, заложба, но и мотивираноста од нивна страна. Дисеминаторите минуваа повеќе време со младите и ги водеа низ процесот. Добивме одлични резултати- 120 мали проекти, помогнати 5180 лица, собрани беа 25.416 Евра од заедницата и вратени кон целните групи и вложени 27.384 волонтерски часа, часови на промена, труд, работа, среќа, но и по некоја солза.*

*Пред вас се опишани проектите реализирани оваа година. Обрнете им внимание. Секој од опишаните мали проекти има тим на младинци кои ги работеле истите. А тие имаат име, презиме, чувства, емоции... не се само бројки, туку се волонтери со кои ние многу се гордееме. Нивните приказни ги раскажуваме и споделуваме. Тие се примери. Сите овие 800 волонтери кои ги направиле промените во 2022 година преку ПХВ програмата, во своите средини, каде што тие мислеа дека промените се потребни.*

*Честитки за сите, за волонтерите, за дисеминаторите, за менторите, за родителите, за секретарите, за лидерите...за сите!*
*Уживајте во читањето!*
*Алекс&ПХВ тим*

1. **ООЦК Битола - „За животот на Томислав“**

Младинците дознале дека на лицето Томислав (кој има 31 година, настрадал во сообраќајна несреќа и живее во количка) му се потребни уште 10 000 денари за последната рехабилитациона терапија во која треба да ја реализира во Р. Србија. За неговиот проблем се запознале преку апел на медиум, а потоа направиле истражување разговарајќи со неговата сопруга. За да му помогнат, организирале рок концерт на отворено со битолски бенд од каде собрале 4.227 денари. Потоа организирале баскет турнир кој поради слабата промоција им донел само 800 денари, а на крај направиле кино на отворено од каде собрале 3000 денари. На крајот успеале во својата цел.

2. **ООЦК Битола - „Нешто се случи во нашата шума“**

Младинците дознавајќи дека во една градинка има едно детенце што го дискриминираат на верска основа, одлучуваат да подготват театарска претстава за градинките. Во следниот период пишуваат сценарио, прават кукли, проби и успеваат претставата да ја одиграат во две градинки. После претставите имаат разговор и работилница со дечињата за недискриминација.

3. **ООЦК Битола - „Од неуредна до преубава околина“**

На младите кои го изработиле овој проект, цел им било да се уреди поубава околина за сите посетители на тревната површна во околина на магацинскиот простор на Црвен крст. За таа цел, младите побарале донации на садници кои потоа со здружени сили ги засадиле, а исто така соодветно го исчистиле целиот простор во таа околина и ја искосиле тревата. Жителите од околината се вклучиле во оваа акција и дале своја поддршка на младите волонтери.

4. **ООЦК Валандово - „Борци“**

Целта на проектот била обезбедување на машина за перење на социјално загрозено семејство (самохран татко и неговиот син) бидејќи таткото бил спречен да работи поради здравствени проблеми. Младинците организирале проекција на филм и културно-уметничка манифестација и со собраните средства купиле машина за перење. Исто така одржале работилница со тема еднакви се сите за ученици од 1 до 5 одделение.

5. **ООЦК Валандово - „Еда“**

Цел на проектот е подобрување на образованието на девојче со проблеми во психо-моторичкиот развој. Младите своја идеја ја реализирале преку двомесечна дружба и активности со девојчето за чија програма се консултирале и добиле насоки од дефектолог.

6. **ООЦК Велес - „За подобра старост“**

Социјално ранливо лице - баба Вера од Велес има 86 години и живеела сама и осамена на петти спрат во зграда без лифт. Таа е стара и болна и едвај се движи, посебно по скалите во зградата за да оди да испазари. Пензијата и е мала, дава за долг што го направила во дом за стари лица каде престојувала 2 години и го напуштила заради

финансиски проблем. Младинците ја посетувале 2-3 пати неделно, поминувале време со неа, и помагале, пазареле, купувале лекови, мереле шеќер и притисок, итн.. Тие поставиле штанд за донации на спортски велешки игри од каде собрале 5.340 денари со кои и купиле ортопедски влечки, лекови и air fryer. Исто така направиле велигденска креативна работилница со што и го разубавиле празникот Велигден, а неколку пати и ја прошетале до пензионерскиот дом да се дружи и разговара со врсници.

**7. ОЦК Велес - „Единство“**

Тимот има забележано дека во село Градско има чести меѓуетнички недоразбирања и конфликти, што се рефлектира и на однесувањето на децата во основното училиште Даме Груев. Со овој проект, тие сакале да ја развијат свеста кај децата во училиштето за соживот, толеранција и меѓуетничка љубов преку различни активности за учење на различни култури. Младите организирале квиз за различни вери и обичаи, работилница за велигденски честитки и јајца, а зборувале и за обичаите на христијанското население за Велигден. Потоа е организирана дисеминациска сесија, со цел на учениците да им се објасни дека Црвен крст може да ги научи на вистинските вредности. Организиран бил и хуманитарен базар, на кој се нудела традиционална храна подготвена од деца од различни етникуми како и традиционални носии.

Главната цел била организирање на меѓуетнички концерт, за кој биле потребни средства. Тука се искористени средствата од хуманитарниот базар, но и преку штанд поставен по повод 8 Мај, каде имало различни активности – од музички настап на најмладите, до настап на локален бенд, лотарија и забавни игри.

По успешното завршување на концертот, тимот направил уште неколку работилници со учениците и поставиле штанд на финалето на големите спортски игри во Велес.

**8. ООЦК Велес - „Мала желба - Голема насмевка“**

Кога ќе те пресретне судбина која не си ја очекувал, а млади ентузијасти ќе се решат да ти помогнат, секако ти носат голема насмевка. Младите од Велес решаваат да помогнат на двочлено семејство, самохрана мајка и 3 годишен син, жртва на семејно насилство, без редовни примања и работа, мала социјална помош, а детето со имунолошки и други здравствен и проблеми, и неможност, освен за лекови да обезбеди доволно храна и други основни потреби. Преку велигденска собирна акција, филмска вечер, партиципација во концерт и спортски натпревари, собрани се 10.000 ден. и купени се лекови, храна, хигиенски производи, печка, велосипед. Од особена важност е комуникацијата и дружењето со М. и посебно спроведената обука за мајката Д. за средување на нокти и набавка на апаратите за таа да продолжи да го работи тоа како занает. Таа веќе работи од дома и со синот заедно ја чувствуваат промената.

**9. ООЦК Велес - „Детска насмевка“**

Дружење со децата со посебни потреби П. и П. и квалитетно поминатото време со нив биле главна придобивка на младите кои го реализрале овој проект. Младинците одржале 5

средби со децата на кои играле друштвени игри, се дружеле и социјализирале. Голем дел посветиле за подготвување и организација на штандовите кои биле дел со едукативен карактер (изработувале флаери и сл.) Бидејќи децата биле од социјално загрозени семејства, младинците сакале да им купат и нешто што ќе им биде потребно и понатаму –боенки, сликовници, друштвени игри. Истите биле купени со средства собрани преку организирање на штандови со лотарија, делење флаери и со поддршка на друга ПХВ група.

**10. ООЦК Виница - „Еднаквост за сите“**

Младите во Виница организирале повеќе активности со кои ги анимирале своите сограѓани и им покажале дека тие можат сите заедно и сплотено да живеат. Организираа ифтар вечера заедно со едно локално турско семејство, а потоа направиле национална македонска вечера со пензионерите од нивниот град. На нивното редовно збирно место, во паркот, организирале пикник со лицата со попреченост и како заокружување на целиот проект организирале претстава со сенки преку која промовирале мир и разбирање.

**11. ООЦК Виница - „За посреќно утре“**

Целта на овој проект е да се обезбедат доволно финансиски средства за да се купат електрични апарати на сограѓанка која живее сама во тешката финансиска состојба и се справува со низа болести. Младите преку донација обезбедиле фрижидер, а преку организирање на настап со познат стендап комичар и 2 проекции на цртан филм во 2 градинки, младите обезбедиле доволно финансиски средства за да купат електричен шпорет.

**12. ООЦК Виница - „Биди нечие сонце“**

Помошта е насочена кон социјално загрозеното семејство И. од с. Блатец, каде сопругот поради кардиоваскуларна болест нема работа, а сопругата која е Албанка е исто така невработена. Истите имале неплатени сметки за електрична енергија од 2019, исклучена струја и долг кај извршител. Младинците преку 4 активности: продавање шеќерна волна и карамелизирани јаболка, спорски настан „Сите на тркалца“, спортски турнир во фудбал и лотарија во СОУ „Ванчо Прке“, успеале да соберат 21, 152 денари, да ги платат сметките за струја и на семејството повторно да им биде вклучена струја. Исто така со разговор издејствувале извршителот да се откаже од побарувањата за долг. За настаните направиле одлична промоција и анимирале многу граѓани од Виница.

**13. ООЦК Гевгелија - „Ехо за еко“**

Целта на овој проект е да се обезбеди клупа за инклузија на лица со мобилна попреченост како и разубувување на паркот Виолета во Гевгелија. За таа цел, младите организирале неколку активности преку кои собрале 27.000 ден. за купување на клупата. Младите реализирале два концерти, поставиле штанд на кој продавале рачно изработени алки за раце, го чистеле заедно паркот и потоа организирале турнир во пинг понг и креативна работилницата за лицата од центарот за мобилност.

**14. ООЦК Гевгелија - „Заедно креираме радост“**

Младите од Гевгелија имале за цел да ги активираат корисниците од инвалидските здруженија и дневните центри во Гевгелија така што ќе ги вклопат со другите граѓани преку подготовка на храна, креативни работилници за цртање и концерт на којшто ќе ги прикажат локалните таленти. Тие успеале да организираат повеќе активности - создаде збир на уметности, култури, кујни и восхити кои тие никогаш нема да ги заборават.

**15. ООЦК Гевгелија - „Ведри“**

Целта на овој проект е да се обезбедат финансиски средства за набавка на правосмукалка и материјали за креативна работилница во Дневниот центар за лица со посебни потреби. Овие средства младите ги обезбедиле преку организирање на забавни игри во парк.

Освен директна помош, младите од ПХВ тимот и корисниците на Дневниот центар поминувале време заедно, се дружеле и играле друштвени игри. Заедно реализирале креативна работилница за шиење на платнени торби, од чија продажба во иднина центарот ќе може да обезбедува средства за набавка на нови материјали за шиење. Младите од ПХВ изработиле и џиновска игра џенга од картон и украсна хартија, која им ја поклонија на нивните пријатели од Центарот.

**16. ООЦК Гостивар - „Сите се смееме на ист јазик“**

Целта на овој проект во Гостивар беше запознавање со традиции со други етнички групи, а преку тоа подобрување на соживотот помеѓу младите. Проектот започнува со реализација, но потоа не е целосно реализиран поради недоразбирања кои настанаа во групата и интеракција со надворешни соработници.

**17. ООЦК Гостивар - „Шарен свет“**

Целта на проектот е да се реновира паркот, односно да се исфарбаат клупите и детскиот тобоган во Гостивар. За таа цел е реализирана проекција на филм преку која се собрани средства за проектот. Исто така е побарана поддршка од општината, која донирала бои за реновирање. Младите волонтери учествуваа во целиот процес, односно во фарбање на клупите. На крајот на проектот е купена и кружна маса за седење со клупи која исто така е поставен во паркот. Собрани се 18.000 денари со кои се реализирани сите нешта.

**18. ООЦК Гостивар - „Детска насмевка“**

Цел на проектот е помош на самохрана мајка со 12 годишен син. Тимот изнајмил маскоти со ликови од цртани филмови и во центарот на градот поставува штанд каде минувачите можат да се сликаат. За децата имале подготвено боенки и боички за да бојат додека се со волонтерите. Акцијата успешно завршува со доволно собрани финансиски средства со кои купени се машина за перење облека, храна и средства за хигиена.

**19. ООЦК Делчево - „Детски насмевки”**

Социјално ранливото семејство Стојчески од Делчево живеело само во едната соба од двете што ги поседувале. Младинците преку собирни акции и донации од локални фирми, успеале да соберат вкупно 9.145 денари и стар мебел. Со парите купиле средства за варосување и ламинат. Потоа, дотогаш некористената соба ја исчистиле, самите тие ја варосале, поставиле ламинат и донираниот мебел. На тој начин децата добиле детска соба и се подобриле нивните услови за живот

**20. ООЦК Делчево - „Разликите не прават похрабри“**

Целта на овој проект е помош и поддршка на деца со попречености и посебни потреби. Преку собирни акции и донатори, собрани се финансиски средства со кои се купени потребни помагала за децата да можат да учат, играат и да се развиваат.

**21. ООЦК Делчево - „Биди хуман, подај рака“**

Целта на ПХВ проектот беше да се подобрат условите за живот на семејството на самохрана мајка со две деца и нејзиниот болен татко. Младите целосно ја реконструирале собата во која живее ова семејство: поставиле порамнителне слој и подлога, ламинат и обезбедиле мебел. Дел од ова, младите го обезбедиле преку донација, но за останатото, финансиските средства ги обезбедиле преку организирање на спортски натпревари во фудбал и ракомет помеѓу две училишта, хуманитарни акции по повод велигденските празници и хуманитарна собирна акција во основните училишта.

**22. ООЦК Демир Хисар- „Малку, а сепак многу“**

Целта на проектот е помош на четиричлено семејство во социјален ризик кое живее во многу лоши услови преку донација на 12 пакети облека и артикли за нега и хигиена на бебе. Младите за остварување на својата цел организирале собирни акции во градот и локалната градинка.

**23. ООЦК Демир Хисар - „Различности кои соединуваат“**

Ќе речеме мало место, но чуда прави, или поточно младите од Демир Хисар прават чуда. Организирани биле 150 млади од нивната околина да учествуваат на интеркултурен настан каде што се прикажуваат, промовираат и вкусуваат традиционалните обележја на македонската и албанската традиционална народна носија и кујна. Тие наоѓаат локални изведувачи, се консултираат со локални историчари и наоѓаат традиционални носии за приказ, а при тоа и готват самите тие јадења од македонска и албанска традиционална кујна. Во пресрет на Велигденските и Рамазанските празници, тие ги сплотуваат локалните култури и креираат одлична атмосфера на соживот во нивната општина.

**24. ООЦК Демир Хисар - „Топол дом“**

Преку овој проект, младите имале за цел да и обезбедат огревно дрво на една жена која живее во тешки социјални и економски услови, сама, со инвалидски додаток,

без било каква помош од други бидејќи починал и нејзиниот тако кој бил носител на егзистенцијата. Групата млади оствариле комуникација со шумското стопанство и здружение на пензионери, при што добиле инструкции и согласност за вклучување и помош, организирале хуманитарен турнир во фудбал и собрале 9.000 денари, обезбедиле 3 кубни метра дабово дрво, помогнале во складирање, сечење и целосно средување, предизвикувајќи среќа и задоволство кај корисничката.

**25. ООЦК Демир Хисар - „Од најмладите за најстарите"**

Целта на проектот е уредување на дворот на пензионерскиот дом во Демир Хисар што е воедно и двор на домот на лицата со попреченост Порака од Демир Хисар. Младинците организирале штанд со рачно изработени предмети, истите ги продавале и со собраните средства купиле штици за клупи, трева за садење, цвеќиња, зимзелени дрвца, лак и боја. Со тоа го исчистиле и обогатиле паркот кај пензионерскиот дом во Демир Хисар.

**26. ООЦК Дебар - „Природата е благородна но бара реципрочност"**

Младинците решиле да ја исчистат околината покрај езерото во нивниот град и со собраните финансиски средства од рециклираните шишиња да купат канти за фрлање на ѓубре со што ќе се намали бројот на отпад околу езерото. Тие организирале неколку акции за чистење на околината и собирање на шишиња и исто така собрале шишиња од неколку ресторани

**27. ООЦК Дебар - „Со сладост до хуманост"**

Волонтерите решиле да помогнат на дванаестчлено семејство од Дебар. Тие на креативен начин ја мобилизирале заедницата преку социјални мрежи и преку успешната промоција на нивниот настан – панаѓур на вафли – успеале да набават шпорет за греење и храна за семејството.

**28. ООЦК Дебар - „Постигни гол, подари насмевка"**

Младите имале за цел да организираат хуманитарен натпревар за ученици и средношколци од различни етникуми. Организирале фудбалски и кошаркарски натпревар, а активностите биле поделени помеѓу тимовите составени о дмлади од различни етникуми.

По завршувањето на натпреварите и прибирањето на парични средства, тимовите одлучуваат дека имаат доволно средства за да помогнат на три целни групи: Да обезбедат облека за полуматура на ученикот О.Д., Да обезбедат лекарства за семејството Г., Да обезбедат лекарства и апарат за притисок за Д. и неговите две деца со попреченост

**29. ООЦК Дебар - „Празници"**

Целта на проектот била да се организираат настани преку кои младинците (волонтери од ЦК Дебар) од различни етникуми би работеле, дружеле и организирале заедно со цел нивно запознавање и социјализација. Преку истражување, младинците дошле до заклучок дека иако се на иста возраст и одат во истата организација- ЦК Дебар, меѓу

нив нема никаква социјализација и дека воопшто не се познавале меѓусебно. Преку организирање на добротворни настани, со подготовка и продажба на традиционална храна за Велигден и Бајрам, купиле нагледни материјали (тетратки, боенки сликовници и книги) за децата од градинка во Дебар. Со истото меѓусебно се запознале, дружеле и организирале заеднички настани.

**30. ООЦК Кичево - „Негување на традицијата"**

Младинците сакале да ги презентираат етникумите во својот град преку носиите. Нашле податоци само за македонска и ромска носија. Направиле штанд за промоција на македонска и ромска носија и го презентирале пред граѓаните коишто тој ден го посетиле штандот.

**31. ООЦК Кичево - „Читај за да знаеш"**

Целта на овој проект е да се поттикне љубовта кон книгата кај граѓаните во Кичево. За да се оствари оваа цел, младинците од ПХВ тимот организирале собирна акција преку која граѓаните донирале книги на повеќе јазици. Потоа организирале продажба на истите, а собраните средства ги донирале на сограѓанин кој имал потреба.

**32. ООЦК Кичево - „Нашата мала продавница (Shitorja jonë e vogël)"**

Целта на овој проект е да се обезбеди греење во Дневниот центар за деца со посебни потреби преку купување грејно тело. Младинците ги собрале потребните средства -7.000 денари, преку готвење слатки и пијалаци и нивно продавање во локална продавница.

**33. ООЦК Кичево - „Саем за деца (Panairi për fëmijë)"**

Целта на овој проект била организација на Саем за деца преку кој се собрале доволно средства за купување електричен шпорет за едно семејство од социјален ризик. Младинците подготвиле и организирале уметничката галерија, изработиле фигури од картон, различни игри и слатки кои ги вклучуваат културите на државите Турција, Македонија, Албанија и Шведска. На тој начин собрале 6.540 денари со кои е реализирана целта.

**34. ООЦК Кичево - „Филмска вечер (Movie night)"**

Целта на овој проект била да се помогне на семејство во социјален ризик, односно да им се купи електричен шпорет за готвење. За да ја постигнат целта, младинците организирале филмска вечер во Домот за култура „Кочо Рацин" во Кичево, и преку продажба на карти собрале 2.870 денари со кои го купиле шпоретот.

**35. ООЦК: Кавадарци - „СТАНИ ДРУГАР, ДРУГАРСТВОТО Е ДАР"**

Во овој проекти во Кавадарци, младите имале две цели. Првата е помош на младиот Емре да продолжи со училиштето, а втората цел е меѓуетничка интеграција на младите од две различни етнички групи во градот. Беа реализирани неколку работилници за меѓусебно запознавање и тимска работа, а паралелно со тоа младите поминаа и неколку часа учење со младиот Емре.

**36. ООЦК Кавадарци - „Сплоти се, за оние на кои им е потребно“**

Целта на овој проект е да се помогне на три малолетни деца во социјален ризик и ги чува таткото кој се грижи и за својата сестра која е лице со попреченост. Во процесот на изработка на проектот, на жалост, таткото починал, но младите волонтери ја продолжуваат акцијата и преку 2 тунири во кошарка и одбојка и прибирање на донации успеале да обезбедат: 3 душеци, 3 кревети, биро и шкаф за децата.

**37. ООЦК Кавадарци - „Хумани срца“**

Набавка на фрижидер и потребни намирници-храна, хигиенски средства, облека и бебешки потреби за 6 члено семејство во општина Росоман.

Младите од Кавадарци идентификуваат шестчлено социјално ранливо семејство-Роми доселени од Србија. Го контактираат и ги утврдуваат неопходните потреби на семејството и веднаш се ставаат во акција да организираат хуманитарен фудбалски турнир и 4 креативни работилници со ученици од 1 до 3 одделение со мото „Биди хуман- подари цвет- заедно во хуман свет“. На крај организираат базар со изработките од работилниците, по што со собраните средства купуваат и донираат фрижидер, храна, облека-посебно за 14 годишниот ученик, средства за хигиена и бебешки намирници.

**38. ООЦК Кавадарци - „За подобро утре“**

Целта на проектот е помош на седумчлено, социјално загрозено семејство кое живее во лоши услови во разурната куќа. Младите, преку донација обезбедиле нова врата и пвц прозорец,како и ќерамиди и греди за понатамошна санација на домот. За исполнување на целта, организирале два турнири од кој едниот бил со полигонски игри, а другиот турнир во одбојка во сала на училиште.

**39. ООЦК Кочани - „Среќички“**

Целта на младите од овој проект е развивање на меѓусебна почит за различните култури преку активности за млади од 6-то до 9-то одделение преку реализација на работилници за запознавање на македонската и турската култура. На овие работилници младите изчувале и за православната и муслиманската религија и заедно изрботувале различни традицонални јадење. Сите средства кои се собрани на креативен начин (пр.продажба на пуканки на кошаркарски натпревар) се искористени за организација на работлниците за припадниците на различни култури од Кочани.

**40. ООЦК Кочани - „Сите ќе го наречат момент, ние го нарекуваме живот“**

За да ја најдат целната група на која ќе и помогнат, волонтерите се обратиле до Центарот за социјална работа, од каде добиле список на ранливи семејства. Посетиле неколку и се одлучиле за двочеленото семејство П. кое живее во Кочани, во скромна и мала куќа без тоалет. Младинците, преку низа активности како шаховски турнир, кошаркарски турнир, ракометарски турнир, успеале да направат реновирање на тоалетот на семејството со што биле подобрени условите за одржување на лична хигиена во домот.

**41. ООЦК Кочани - „Зелена иднина“**

Целта на овој проект е чистење и уредување на излетничкото место Гоцева Шума за да може на сите граѓани на Општина Кочани да им овозможет место за пријатно уживање.

Младинците организирале еко-акција за чистење на местото од отпадоци, се мобилизирале и собрале донации од железарата „Емирина“ (боја за дрво, четки за боење) и ги обоиле летниковците, клупите, поставиле осветлување и го уредиле со цвеќиња. Направиле мал мурал на кој го поставиле знакот на ЦКА-ПХВ програмата. Дополнително, волонтерите организирале и велосипедска трка-родео, поставиле штанд на Драмскиот Аматерски Фестивал (ДАФ) кој се одржува традиционално секоја година, додека кантите за отпадоци ги обезбедиле преку донација од КЈП Водовод, од продавница за осветлувачки тела.

**42. ООЦК Кочани - „Сите сме еднакви“**

Целта на проектот е обезбедување прекривки за кревети во градинката, како и средување на делот од дворот за игра на децата со чистење, а потоа и носење на песок во запуштениот дел. За постигнување на целта, младинците продавале мафини и лимонада пред црквата за празникот Велигден, имале проекција на филм и организирале (заедно со друга ПХВ група) ракометен натпревар. Со собраните средства се купени постелини за душеци, кошови за пелени и песок за во дворот. Исто така волонтерите организирале и дополнителни работилници со децата од градинката, запознавање, боење на велигденски цртежи, учење на бројки и букви, играње тимски игри и организирање на натпревар во табла во центарот на градот.

**43. ООЦК Крива Паланка - „Сите сме еднакви“**

Младите организирале хуманитарен фолклорен концерт со цел собирање финансиски средства и купување играчки, ранец, училишен прибор и облека во вредност од 8.000 денари, за да се донираат на детенце од Крива Паланка кое има попреченост во развојот и проблеми во говорот.

**44. ООЦК Крива Паланка - „Преку спорт до насмевка“**

Целта на овој проект е помагање на десетчлено семејство преку купување на мини шпорет и обезбедување на храна за одреден период. Собирната акција за реализација на целта е преку фудбалски турнир со партиципација од тимовите. Турнирот е организиран во училишна сала на која биле присутни многу ученици.

**45. ООЦК Крива Паланка - „Секој има право на среќа“**

Целта на групата е да обезбедат основни средства за живот за две целни групи: тричлено семејство со многу ниски примања, кои во текот на проектот ги губат средствата заради смрт на носителот на средствата и шестчлено семејство со три мали деца, кои живеат од социјална помош.

Преку финансиски средства што тимот ги обезбедува од правење и продавање на крофни, обезбедуваат прехранбени производи (леб, кроасани, сувомеснати производи, грав, вода, млечни производи и др.), мини шпорет и фен, шолји за кафе, послужавник, тепсија и чаши. Дополнително обезбедуваат и облека и средства за хигиена.

**46. ООЦК Крива Паланка - „На чистиот пат до училиштето"**

Целта на проектот била разубавување на патеката покрај училишната ограда. Младите најпрво печеле колачи, ги продавале и со заработените средства купиле украсно цвеќе, украсни камчиња, спреј во боја и сијалички кои ги поставиле покрај училишната ограда.

**47. ООЦК Крушево - „Интеркултурата во нашиот град"**

Младите во Крушево, организирале промоција на различните култури во градот, воспоставување комуникација меѓу членовите на различните етнички групи преку креирање Инстаграм група за учење Влашки јазик и поттикнување за организирање на мултикултурни настани во рамки на општината, преку организирање настан за промоција на културите (презентација на носии, песни на двата јазици и претстава „Волшебното јаболко").

**48. ООЦК Крушево - „Хуманитарна акција"**

Целта на проектот е да се помогне на четирите дечиња од шестчлено семејство. Децата се под надзор на нивната стрина и чичко коишто ги насочиле младинците да им купат на децата таблети за учење, бидејќи сметале дека тоа им е потребно најмногу. За да ја постигнат целта и да соберат потребни финансиски средства, младинците направиле 3 поединечни акции, продажба на рачно изработени креативни дела кои асоцираат на Велигден, пишување и продажба по кафичи на мотивациски писма кои ќе ги послужат со кафе, продажба на палачинки „Pancake day" на настан организиран во паркот. Со собраните средства, младинците им купиле на децата 2 таблети коишто ќе им служат за учење.

**49. ООЦК Крушево - „Екологисти во акција"**

Целта на групата е да придонесе кон намалување на нечистотијата во градот, особено на местата кои се најчесто посетувани. Младите се вклучуваат во еколошка акција за расчистување на многу посетувано маалско игралиште – темелно ги чистат и ги поправаат стативите. Потоа го чистат излетничкото место Гумење, а потоа и уште две акции на Крушевско езеро – чистење ѓубре, косење трева и темелно метење на пешачката и велосипедската патека. На крај, им било дозволено да го средат и преуредат дворот на детската градинка Гонча Туфа, каде се наоѓа и дневниот центар. Дворот е исчистен, тимот поставил вештача трева, го обоиле тунелот за игра, правеле саксии за цвеќиња од стари гуми. Донацијата во материјали била од Општината.

Во текот на целиот проект, тимот вклучува и локално население, а активностите околу Крушевско езеро ги прават во соработка со општината, клубот на рибари и здружението за интеграција на млади – ГУЛИ МЛАДИ.

**50. ООЦК Куманово- „Инклузивно пливање"**

Целта на овој проект е да се продолжи рехабилитацискиот процес на децата со посебни потреби на затворениот Градски базен во Куманово. Децата веќе некое време оделе на базен, но истиот се затвори заради енергетската и финансиска криза. Групата од Црвен крст успеала да добие дозвола и бесплатни часови во Спа центарот во Куманово и двете деца продолжиле да одат на пливање во период од два месеци. Потоа се отворил базенот и тие продолжиле со своите редовни часови.

**51. ООЦК Куманово- „Хуманоста нема крај"**

Волонтерите решиле да помогнат на едно осумчлено семејство, преку организирање на еден креативен настан преку којшто обезбедиле средства за да купат храна и успеале да обезбедат донација на патосници.  Ја реализирале целосно целта на нивниот проект.

**52. ООЦК Куманово - „Биди хуман и ти"**

Волонтерите одлучиле да помогнат на тричлено семејство, односно самохрана мајка и нејзините деца. Преку собирна акција и продавање на традиционална храна на настан кој го организирале во училиштето, успеале да соберат средства преку кои им ја платиле сметката за струја, и повторно се приклучила струја во домот. Исто така дел од средствата ги искористиле за да обезбедат пакети со храна на семејството.

**53. ООЦК Куманово- „Дарувај и ти"**

Младинците откако го завршиле нивното истражување, одлучиле да помогнат на шестчлено семејство од ранлива категорија. Тие преку креативен музички настан, успеале да реализираат собирна акција преку која обезбедиле храна за подолго време за семејството. Преку мобилизрање на заедницата, обезбедиле донација во форма на ламинат за нивниот дом.

**54. ООЦК Куманово - „Забавен училишен двор"**

Целта на младите во овој проект е креирање на забавни и интересни катчиња во училишните дворови на 2 основни училишта. Тие преку донации, обезбедиле материјали за боење на игри и декорација на училишните дворови со што бенефит имаат 1540 ученици од училиштата.

**55. ООЦК Куманово - „Инклузивно пливање"**

Целта на овој проект е да се продолжи рехабилитацискиот процес на децата со посебни потреби на затворениот Градски базен во Куманово. Децата веќе некое време оделе на базен, но истиот се затвори заради енергетската и финансиска криза. Групата од Црвен крст успеала да добие дозвола и бесплатни часови во Спа центарот во Куманово и двете деца продолжиле да одат на пливање во период од два месеци. Потоа се отворил базенот и тие продолжиле со своите редовни часови.

**56. ООЦК Куманово - „Час за мојот глас“**

ПХВ програмата и обуката поттикнала група од четворица младинци успешно да реализираат интеркултурен проект, вреден за пример и промоција на ПХВ програмата. По претходна идеја и план да помогнат на ранлива група ученици, роми од 1 до 3 одделение и други деца ученици со попреченост да го учат и разбираат македонскиот литературен јазик со интерактивен пристап со креативни работилници, обука, мотивација и интерес, групата разговарала и добила согласност од директорот на ОУ. Младите ја вклучуваат стручната служба (педагог, психолог), 5 наставници и со координираност успешно ги спроведуваат креативните работилници, создавајќи силен поттик, мотивација и интерес за повеќе учење.

**57. ООЦК Куманово - „Оган во срцето“**

Целта на проектот е да се обезбеди храна, облека, средства за хигиена, мебел и слично на шестчлено семејство, чија куќа неодамна била опожарна. На првата средба со младинците, поголемиот дел од штетата бил саниран, но членовите на семејството имале потреба од облека, постелнина, перници, душеци. Младите преку донација во три наврати им доставиле пакети со храна, пакети со хигиенски производи, пакети со облека, ќебиња, перници, предмети за кујна, постелини, играчки за децата, мебел, душеци, тепих.

**58. ООЦК Неготино - „Еднакви срца“**

Целта на проектот била помош  на социјално загрозено семејство - самохрана мајка со три деца при што им обезбедиле две греалки, велосипед за едно од децата, облека за децата, боенки и прехранбени и хигиенски производи. За остварување на својата цел, младинците организирале работилница за декорирање на грниња, кои потоа ги продавале. Младите организирале и турнир во фудбал во спортската сала на училиштето.

**59. ООЦК Неготино - „Уникатно-креативно“**

Целта на младите во овој проект е споделување на позитивен пример помеѓу младите од својата генерација, дружејќи се со лица со попреченост од дневниот центар Порака Неготино и набавка на реквизити за спорт. Оваа цел младите ја постигнале преку организирање на повеќе ралични работилници за дружење и работилници за изработка на гипсени фигури од чија продажба се набавени спортски реквизити за 15 лица од Порака.

**60. ООЦК Неготино - „Светлина“**

Волонтерите во овој проект имале за цел да соберат доволно финансиски средства со кои ќе овозможат долготрајни промени во домот на двочленото семејството од с. Тимјаник – Неготино кое е составено од мајката М. (54год.) и нејзината ќерка Ј. (31 год.), кои живеат во својата куќа која се наоѓа во многу лоша состојба. Планираната цел, остварена е преку организирање на повеќе хуманитарни настани од различен карактер, како што се кино проекција, велосипедска трка, хуманитарна забава и поставување на кутии за донации.

**61. ООЦК Неготино - „Сплотеност“**

Целта на проектот била олеснета интеграција на 3 ученици од посебната паралелка во ООУ ,,Страшо Пинџур" од Неготино.

Младинците планираат и организираат 10 работилници со учениците во ООУ „Страшо Пинџур" – Неготино, со А. А. (17) која е од подрачното село на Неготино- Криволак; М. А. (16) и А. С. (14) од Неготино. На работилниците младинците заеднички учат математика и англиски, промовираат различни култури, организираат прошетка низ градот, ја посетуваат и уредуваат градската библиотека, посетуваат музеј итн.

**62. ООЦК Охрид - „Шарен свет“**

Целта на проектот е преку музиката, како омилено хоби на целната група, да се зближат 16 деца од различни етнички заедници преку одржување 5 едукативни работилници и 8 забавни активности. И сето тоа, за да се докаже дека музиката не е единственото нешто што ги спојува туку дека нивните секојдневија, проблеми и околина се исти. На крај, тоа им го презентираат и на останатите со хорска изведба пред граѓаните на Охрид.

**63. ООЦК Охрид - „Феникс“**

Волонтерите одлучиле да поминат време и да работат со деца од социјално-загрозени семејства. Тие креирале програма сочинета од различни игри чија цел е да вградат самодоверба кај децата, да помогнат во процесот на социјализација и да ги научат нови вештини. Тие реализирале 6 вакви работилници, организирале работилница за пливање и целиот процес го заокружиле со заеднички ручек со младинците.

**64. ООЦК Охрид - „Сашка“**

Целта на проектот е обновување на домот на трачленото семејство Митрески и помош во нивното секојдневие. Направени се неколку собирни акции, преку фирми, со продавање на ракотворби, кино вечери итн. Собрани се околу 3 600 евра и поголема количина на градежни материјали. Исплатени се долговите на семејството кон ЕВН со што се овозможило повторен приклучок на струја и е целосно обновен еден дел од нивната куќа за живеење (купатило, кујна, мала соба), вклучително и мебел.

**65. ООЦК Охрид - „Никулец“**

Група на млади екологисти од Охрид решаваат да го преуредат паркот „Анри Динан“ во Охрид, кој што добива променет еко лик и хуманитарни содржини на Црвениот крст, уметнички форми, мурали со тема природа со користење капачиња од пластични шишиња кои се загадувачи на животната средина, трева, цвеќиња, дрвца, клупи од палети од дрво кое требало да се фрли, паркинг за велосипеди и многу други содржини. За да стигнат до тоа, младите организирале многу акции за самоедукација и едукација на други млади и граѓани кои им помагале во процесот. Прават еко едукација за 60 деца од градинка во близина на паркот, онлајн кампања за едукација, поставување на информативни табли со еко пораки на видливи места во градот, велосипедска трка, вклучување во еко акцијата за чистење на Охридското езеро и

крајбрежје, учество на бројни работилници и семинари. На крајот, пред завршување на проектот, формираат Еко-Клуб во склоп на Клубот на млади кој што ќе ја продолжи нивната работа.

„Ова е приказна за шест ПХВ младинци кои во наредните неколку месеци ќе започнат една промена и ќе ги отворат зелените порти кон иднината во која генерациите ќе живеат знаејќи дека природата во која растат е една и единствена – најголемо наше богатство"

**66. ООЦК Прилеп - „Библиотека за секого"**

Тимот воочил дека во нивниот град луѓето немаат многу пристап до книги надвор од формалното образование – истите се прескапи, а некои луѓе не можат ни да си дозволат да платат членарина во библиотека. Во разговор со граѓаните, сфатиле и дека многу од лицата кои се малцинства воопшто немаат пристап до книги на нивниот мајчин јазик, па одлучуваат да формираат концепт „Библиотека за секого", која ќе биде достапна за сите и ќе има книги на јазиците кои се зборуваат во градот.

Организираат разни акции за донација на книги, но и активности од хуманитарен карактер за прибирање на парични средства, како Квиз на знаење и Црвен крст Смотри. Настанот Црвен крст Смотри е настан на кој се прикажуваат различни таленти од средните училишта во Прилеп од сите националности, како и литературно читање.

На крајот, поставуват библиотека пред просториите на Црвениот крст Прилеп, каде секој може да земе и да врати книга.

**67. ООЦК Прилеп - „Сите сме исти, сите сме деца"**

Во Прилеп младите се одлучиле да помогнат на децата со церебрална парализа, да остварат контакт со нив, да се дружат и да видат што е тоа што можат да го направат за да бидат соодветно анимирани. Извршиле истражување за нивните потреби во дневниот центар и со анимација и вклученост на родителите и воспитачите, преку организирање на хуманитарен баскет натпревар, концерт и продажба на тетратки со отпечатени корици од креативни цртежи на децата, собрале 19.925ден. и набавиле и донирале печатар, тонери во боја и поголема листа на материјали за пишување, цртање и боење, кои се основна форма на анимирање, а сепак се недостаток во нивното секојдневно престојувалиште.

**68. ООЦК Прилеп - „Биди промената што сакаш да ја видиш во светот"**

Цел на проектот била обезбедување помош на семејството В. (две сестри – студентка и средношколка кои ги изгубиле своите родители од Ковид 19) преку купување на фрижидер, купување и местење ламинат и варосување на соба. Целта е постигната преку креирање и печатење на боенки, нивна продажба; проекција на филм и парична донација од фирма.

**69. ООЦК Пробиштип - „Замислив желба, замисли и ти“**

Целта на проектот е помош на трочлено опожарено семејство преку набавка на бела техника т.е. шпорет и машина за садови. Волонтерите успеале да ја реализираат оваа цел преку организирање на мини маратон и хуманитарен концерт.

**70. ООЦК Пробиштип - „Шириме насмевки“**

6 млади од Пробиштип дознавале за две семејства чии дом бил зафатен во пожар, тие губат сè, но младите не дозволуваат да останат сами при реновирањето на домот. Двете семејства живеат во истата куќа и заедно се 8 члена, од кои 3 деца и 3 стари лица и 2 самохрани родители, па затоа младите во координација со ООЦК Пробиштип веднаш се вклучуваат со првична помош со храна, облека, постелнина, хигиенски средства и кујнски прибор, а потоа превземаат активности за олеснување на нивната ситуација. Тие организираат собирна акција на парични средства, креативна работилница за изработка на маски за денот на шегата со анимирање и вклучување на ученици од две основни училишта од 1 до 7 одделение и продавање на изработките. Како за крај, тие организирале и културен настан во Домот на култура. Собрале 30.000 денари и во разговор со семејствата за нивните потреби набавиле шпорет, плочки, кујнски прибор и пакети со храна и хигиенски потреби.

„Благодарение на ПХВ сфативме колку е важно да помагаме без да очекуваме нешто за возврат“

**71. ООЦК Пробиштип - „Шириме хуманост преку спорт“**

Младинците од овој ПХВ проект имале за цел да обезбедат финансиски средства за нивни соградѓанин, постар човек со инвалидитет, корисник на инвалидска пензија и самохран родител на 2 деца. За да ја постигнат целта, младите организирале 2 спортски активности: кошаркарски и фудбалски натпревар. На натпреварите учествувале 14 екипи кои плаќале симболична котизација.

**72. ООЦК Радовиш - „Сложни, еднакви и активни“**

Целта на проектот е меѓусебно запознавање и зближување на младите во Радовиш од македонска и турска националност. Младите учат во исти училишта, но немаат интеракција и не се познаваат меѓусебно. За таа цел, преку ПХВ програмата, една група организираше проект преку кој се реализираа три работилници и турнир во фудбал со мешан состав, преку кој младите имаа можност да се дружат, да поминуваат време заедно и меѓусебно да запознаат.

**73. ООЦК Радовиш - „Облека чиста на потребна листа“**

Целта на проектот е собирање на парични средства за купување на машина за перење на баба Д. В. од село Подареш, која самостојно и само со наследената пензија од починатиот сопруг се грижи за внуците С. (8) и С. (11). За таа цел, тимот организирал повеќе активности: собирна акција за прибирање финансиски средства, најпрво во основното училиште, а потоа и во гимназијата, изработка и подарување на рачно изработени по-

раки за убав ден на случајни минувачи кои можеле да оставаат пари за помош доколку сакаат, изработка на боенка за најмалите, која потоа ја продавале на плоштадот по цена од 50 денари. Печатењето на боенките е донација од локалната книжарница.

Откакао средствата биле собрани, машината за перење била купена и доставена до семејството, а од страна на Црвен крст дополнително се донирани и 4 ќебиња и постелнини.

**74. ООЦК Радовиш - „Четирите мали бисерчиња"**

Целта е да се помогне на шестчлено смејство кое нема основни услови за живот, односно немаат ниту под, ниту кревети во нивната куќа. Младинците организирале настан со продавање на храна, изработка на пораки за убав ден и натпревар во кошарка, а со собраните финансиски средства успеале да го обложат подот со ламинат и да им обезбедат кревет и пакети за храна на семејството.

**75. ООЦК Ресен - „Учиме за Преспа"**

Цел на овој проект е подигнување на еколошката свест и запознавање со Преспа. Преку едукативна екскурзија и предавање, волонтерите се запознаваа со преспанскиот регион и живиот свет кој го опкружува. Направена е анкета меѓу граѓаните за еколошките проблеми во градот.

**76. ООЦК Ресен - „Пиколо"**

Целта на овој проект е интеграција на Пиколо - момче од претшколска возраст со потекло од Филипините преку учење македонски јазик и следење летен курс за дечиња на претшколска возраст, каде учат јазици и ги обучуваат децата како да се однесуваат на училиште.

Дополнителен поттик за младинците е тоа што Пиколо од септември треба да започне на училиште и е син на самохрана мајка, така што обезбедените 20 часа на летниот курс. Преку оваа активност,  не само што го ставиле во интеракција со македонскиот јазик, туку и помогнале во згрижување во текот на денот (попладне) додека неговата мајка е на работа. Средствата за часовите за летниот курс, 3.000 денари, младинците ги собрале преку организирање хуманитарна забава.

**77. ООЦК Ресен - „Различноста е богатство"**

Младинците имале цел промовирање на различните култури со кои изобилува регионот Преспа. Сакале да ја промовираат традиционалната храна и убавината на природата во Преспа. Тоа одлучиле да го направат преку организирање на два настани. Првиот бил пикник покрај езерото каде што секој бил одговорен за приготвување на одредена храна од нивната култура којашто претставува некакво обележје за нив. Вториот настан којшто младинците го спремиле е од музички карактер. Тие ангажирале група која изведувала неколку песни коишто ги претставувале различните етнички групи. Преку овие настани тие успеале да се запознаваат и да се дружат со 15 млади лица од Србија кои го посетувале овој град и да им го покажат културното богатство, храната и традициите.

**78. ООЦК Свети Николе - „Од книга до насмевка“**

Целта на овој проект е помош и поддршка на семејство (самохрана мајка и две деца) преку обезбедување на патики, кујнски елементи, кујнска бела техника, кревет, храна и облека. Младите волонтери оваа цел ја постигнаа преку повеќе активности и тоа: собирна акција за книги и продажба на истите, прибирање на донации за кревет, облека и кујнски прибор, собирна акција итн. Младите навистина успеале да го променат секојдневниот живот на ова семејство преку обезбедување на основните потреби за секојдневното живеење како и услови за подготовка на храна.

**79. ООЦК Свети Николе - „The earth laughs in flowers”**

Младинците имале за цел да го исчистат од ѓубре зелениот појас околу зградите во Лозов расадник, да ја искосат тревата на истата зелена површина, да ги поправат и префарбат искршените детски лулашки, клупите и корпите за отпадоци, да ги исчистат летниковците и да ги поттикнат станарите да учествуваат во одржувањето на чистотата.

Тие успеале да обезбедат донација на цвеќиња од расадникот за цвеќе „Петрушеви“ – 20 парчиња различно цвеќе, донација од земјоделските аптеки во градот: семе за трева, борчиња, десетина саксии со цвеќиња, боја за фарбање на лулашките и разредувач.

**80. ООЦК Свети Николе - „Различни, а исти“**

Младите од Свети Николе ги поттикнале останатите млади да бидат проактивни во нивната заедница. Тие започнале со идентификација на проблемот - слаба интеракција и познавање на културата, обичаите, јазикот, традиции помеѓу Македонците и Турците, во локалната заедница. Истражувањето им покажало дека целта може да се реализира и со дружење, комуникација на Македонци и Турци. Направен е контакт и посета на млади Македонци и Турци како и членовите на ПХВ тимот и на Атиџе М., хероината на филмот „Медена земја“, со која што размениja мислења за различни теми. Потоа, реализирана е заедничка посета на панаѓур и традиционално борење и пеливанство со објаснување на обичаите од страна на А. За да го направат тоа, тие организирале превоз за нив и нивните соученици Турци со кои на крај заедно во куќата на А. со професорката по англиски јазик и професорката по турски јазик изготвиле трујазичен речник за нив.

**81. ООЦК Струга - „Сите сме исти под ова сонце”**

Цел на проектот била дружење и разубавување на деновите на 4 дечиња со посебни потреби од Центарот за поддршка при ООУ „Браќа Миладиновци“ во Струга, преку реализирање средби со нив 2-3 пати неделно во времетраење од (2-3 часа), правење најразлични активности со нив (играње со коцки, со топка, сложување слики, пишување букви, решавање математички задачи, гледање видеа на интернет, танцување на музика, изработка на маски од омилените филмски и цртани ликови, поминување време во паркот на основното училиште и играње на нишалките, прошетки низ блиската околина). Во соработка со членовите од организацијата Davet успеале да им подарат бесплатни поклончиња (храна, облека и играчки) на сите во Центарот.

**82. ООЦК Струга - „Да играме и помогнеме“**

Целта на овој проект е да се реновира и обнови дом на едно семејство. Собраните финансии се преку реализација на спортски турнир во одбојка, по што се предадени 7.000 ден. на друга организација која го организира останатиот дел од проектот за обнова на домот

**83. ООЦК Струга - „Хармонија“**

Целта на овој проект е промоција на талентирани деца од гимназијата Др.Ибрахим Темо од сите возрасни групи и тоа од три различни јазици- македонски, албански и турски. Преку активности и заеднички настан за промоција на цртежи и музички точки, децата имале можност да се дружат, да рушат предрасуди и да споделат различности и сличности од своите култури.

**84. ООЦК Струга - „Make a difference“**

Целта на овој проект е да се направи разлика за подобра иднина и да се врати изгубениот сјај на 3 локации во Струга, преку организирање на 2 големи еко-акции. Со тоа се поттикнала свесноста на граѓаните во Струга за важноста на чистата околина за здравјето на луѓето и да се истакнал фактот дека и мало количество ѓубре може да направи еднаква штета, исто колку и големото количество.

ПХВ тимот направил истражување за убавите места во Струга кои веќе подолго време го имаат изгубено сјајот поради нечистотија. Младите и дисеминаторот, со помош на средното училиште и јавното претпријатие за комунална хигиена одредиле датум и локации во Струга кои требало темелно да ги исчистат. Но, бидејќи целта да се поттикне свесноста кај локалното население за важноста на чистата околина, младите изработиле постери со покана до граѓаните на Струга да земат учество на акциите, ги залепиле низ градот и училиштето и пратиле информација до сите ученици. Како резултат на овој проект, темелно се исчистени 3 атрактивни локации во Струга (Женска плажа, Хотел Евро, Река Сатеска).

**85. ООЦК Струга - „Нови почетоци“**

Целта на оваа група е да го промовираат своето училиште – СОУ Д-р Ибрахим Темо како мултикултурна средина во која учат Македонци, Албанци и Турци и да направат поголема соработка помеѓу соучениците од различни етнички заедници.

Организиран е концерт на кој учествуваат изведувачи од училиштето, во соработка со професорката по музичко и Центарот за култура во Струга.

**86. ООЦК Струга - „Уште една надеж“**

Целта на младинците била дружење со децата со посебни потреби со цел тие да не се чувствуваат изолирани и недоволно социјализирани. Двапати неделно во месеците мај и јуни имале активности со тие четири деца, при што играле, цртале, раскажувале приказни, разговарале за филмови, се забавувале преку костими од

цртани ликови и сл. По сите активности, на децата им подариле пакетчиња со средства собрани од друг проект.

**87. ООЦК Струмица - „Лулашка“**

Целта на овој проект е инклузија на лицата со телесен инвалидитет. Преку собирни акции, донатори, организирани беа трка и базар, собрани се финансиски средства со кои е изработена лулашка специјално наменета за лица кои се движат во инвалидска количка. Истата е поставена во центарот на градот.

**88. ООЦК Струмица - „Заедно за мир во светот“**

Поддршката е насочена кон двочлено семејство -мајка и ќерка бегалци од Украина, кои се сместени во куќата на баба Ј. во село Василево. Целта на младинците била да им се помогне на Украинките во комуникација и адаптација во државата преку учење на македонскиот јазик за комуницирање. Младинци одржале 16 часови предавање македонски јазик и тоа преку примери, цртежи, елементарните зборови за комуникација. Потоа организирале претстава преку песна „Црвениот Знак“-учење на заковниот јазик по повод светскиот ден на ЦК. Бидејќи Василево е далеку од Струмица, се организирале за обезбедување превоз, и така нашле донатор на велосипед, со што пешачењето било олеснато. Во разговор со сопственикот на хотелот Вила Парк, и нашле работа на мајката како помошник кенлер и успеале да и отворат и трансакциска сметка во банка.

**89. ООЦК Струмица - „Зеленото тркало на Струмица“**

Целта на проектот била да се обезбедат велосипедски паркинг простори на 2 локации во Општина Струмица и на 1 локација во општина Ново Село. Со поставување на велосипедските паркинзи, ќе се поттикне користењето на велосипеди како дел од здравите животни навики, но и безбедно паркирање на велосипедите. За да обезбедат простор, младите разговарале со градоначалниците од двете општини. За да обезбедат средства, организирале 2 настани. Првиот настан била велосипедска трка. Оваа активност беше поддржана од велосипедски клуб, двете општини кои обезбедија храна, вода и забава на целната точка и СВР Струмица кои се грижеле за безбедноста. Вториот настан за прибирање средства бил учество на Хуманитарен базар во Струмица.

**90. ООЦК Струмица - „Паркот на црешите“**

Водени од желбата да направат еколошки проект, тимот сакал да направи парк. Еден од членовите, кој живее во село Вељуса, раскажува дека селото порано имало убав парк кој во моментов е целосно руиниран и веќе никој не оди таму, а претходно било место за разни настани, собири и дружби.

Тимот сакал навистина да го уреди паркот, поради што, во комуникација со општината, поднесуваат барање да им се дозволи таква активност и потоа се обидуваат да соберат средства за опрема.

Поминуваат неколку денови во учење како да ја испеат ПХВ песната на ООЦК Струмица на знаковен јазик, и со неа настапуваат на настан организиран од ООЦК, а средства собираат со касичка. Потоа, на различни локации продаваат пуканки и сончоглед кои претходно им се донирани од локален маркет.

Паркот темелно го реуредуваат, поставуваат 2 клупи, 2 канти за отпад, садат трева и цвеќиња, ламба за осветлување и информативна табла. Садат и цреша, која е заштитен знак на селото Вељуса.

**91. ООЦК Тетово - „Големите мисли зборуваат за умот, а големите дела за човештвото"**

Целта на проектот е преуредување на библиотеката што би резултирало со нејзина поголема посетеност. Собрана е некоја количина на книги која понатака е донирана во библиотеката од страна на волонтерите.

**92. ООЦК Тетово - „Сочувствување со луѓе во потреба"**

Целта на проектот е да се обезбеди биро и ламба за семејство на самохран родител на 3 деца од село Јанчиште. За реализирање на поставената цел, учесниците во проектот во своето училиште организирале собирни акции на парични средства.

**93. ООЦК Тетово - „Музиката не познава граници"**

Целта на овој проект била промоција на различните култури во нашето општество со што им помогнала групата „Шербет„ која што се согласила да настапува во Градскиот парк со пеење и караоке.

**94. ООЦК Штип „Погледни во можноста, не во попреченоста"**

Младинците преку овој проект сакале да помогнат во социјализација на децата со попреченост, да им остават простор за искажување на нивните таленти и можности и тоа преку организирање на спортски игри со специјален едукатор по физичко воспитување и одржување на креативно катче, преку кое децата имале можност да ги изразат нивните ликовни таленти

**95. ООЦК Штип - „Мал чекор, до голема среќа"**

Целта на проектот е ублажување на тешката состојба на двочлено семејство (самохрана мајка и ќерка со попреченост) преку набавка на поголема количина храна и потребни витамини. Младите волонтери успеале да ја постигнат оваа цел преку реализација на хуманитарен концерт и продажба на изработени модни детали кои самите ги изработиле по завршена обука за шиење. Преку продажба на влезници и изработки, тие ги набавиле потребните продукти.

**96. ООЦК Штип - „Рециклирај, не ескивирај"**

Младинците имале за цел подигање на еколошка свест кај населението на Штип пре-

ку еколошки активности. Во таа насока, испечатиле постери со еколошки пораки и ги залепиле на повеќе места низ градот.

**97. ООЦК Гази Баба - „Созвездие“**

Целта на овој проект е да се осветли дворот во училиштето ООУ “Вера Јоциќ” – Скопје. Тим од 5 девојчиња одлучува да направи анкетно истражување во нивното училиште од каде што дознаваат за проблемите на истото. Одлучуваат да побараат донација на светилки и добиваат донација од 20 соларни светилки. Потоа барaати добиваат донација од овошни садници од кои 5 засадуваат од училишниот двор, а 10 во близок парк и тоа со помош на ЈКП Комуналец

**98. ООЦК Гази Баба - „Времеплов“**

Целта на овој проект е да се постигне интеркултурна акција на учениците од различни етнички заедници и да се подигне свеста на врсниците, родителите, сограѓаните за да нема поделби, стереотипи и конфликти, како и подигнување на свеста кај луѓето за потребата од правилно рециклирање и донирање на старата облека. Младинците организираа театарска претстава и ревија, креативни работилници каде ја модифицирале донираната облека и организирале ,,Trash Fashion Show”. Во соработка со студентите од Факултетот за Драмски уметности во Скопје, младинците успеале да прикажат и театарска претстава со етничка порака, претстава наречена ,,Керлек” во режија на Александар Јовановски. Потоа ги анкетирале присутните гости на тема ,Дискриминација,” и ,,Меѓуетничко насилство“ . Паралелно со спроведувањето на анкетите, волонтерите поставиле и штандови на кои беа собирани средства за лице на кое му е потребна операција во странство.

**99. ООЦК Гази Баба - „Созвездие“**

Целта на овој проект е да се осветли дворот во училиштето ООУ “Вера Јоциќ” – Скопје. Тим од 5 девојчиња одлучува да направи анкетно истражување во нивното училиште од каде што дознаваат за проблемите на истото. Одлучуваат да побараат донација на светилки и добиваат донација од 20 соларни светилки. Потоа барaати добиваат донација од овошни садници од кои 5 засадуваат од училишниот двор, а 10 во близок парк и тоа со помош на ЈКП Комуналец

**100. ООЦК Карпош - „И староста може да биде убава“**

Целта на проектот е подобрување на секојдневието на корисниците на Домот за стари лица ,,Мајка Тереза“ во Злокуќани преку набавка на книги за читање и полици за книги како и подлоги за вежбање и пакетчиња за корисниците. За да ја постигнат оваа цел, младите волонтери реализирале три собирни акции за кои изработувале и рачни изработки – алки и истите ги реализирале во средното училиште Никола Карев и во Градскиот парк.

**101. ООЦК Карпош - „Среќни денови"**

Целта на проектот е давање на дополнителна поддршка на тимот за имплементација на проектот Хуманко – долгогодишен проект на клубот на млади на ООЦК Карпош, преку помагање за подобрување на оценките во училиште на целната група на проектот, подобрување на нивните вештини (возење точак, врзување врвки, дружба, комуникациски вештини), обезбедување на чиста и пристојна облека за децата и да обезбедат дополнителни материјали кои понатаму ќе се користат при реализација на проектот Хуманко.

Во текот на проектот, тимот организирал креативни работилници заедно со целната група, каде се изготвуваат ракотворби, а еден дел од целната група добива материјали за цртање – а цртежите потоа се презентираат како рачни изработки. Дополнително, за собирање на парични средства, организираат повеќе хуманитарни акции и кино проекција во СУГС Здравко Цветковски, каде продаваат 140 карти.

Организираат 4 едукативно –рекреативни средби со целната група во Градскиот парк каде за децата им бил организиран пикник со реквизитите купени од Декатлон за таа намена (а кои понатаму остануваат во Хуманко) – хамок, подлоги за пикник. За време на средбите тие организираат уште креативни активности како робот од рециклирачки материјали.

**102. ООЦК Карпош - „Заедно можеме повеќе (Bashkë mundemi më shumë)"**

Целта на овој проект е намалување на стереотипите и предрасудите кај младите од различни етнички заедници преку подобрување и размена на знаења за јазичните, културните и религиозните карактеристики. Во проектот биле опфатени 15 млади волонтери од Клубот на млади на Црвен крст Карпош на возраст од 15 до 30 години и 5 ученици од СОУ „Сарај" - Скопје на возраст од 15 до 17 години.

Се одржале 8 часа (два пати по 4 часа во времетраење од 30 минути) во природа каде на неформален начин младинците ги учеле своите врсници албански јазик.

**103. ООЦК Карпош - „Еко поттих"**

Целта на проектот е чистење на загаден дел од општина Ѓорче Петров и набавка на канти за рециклирање во две училишта и ЦК Карпош и подигање на свеста кај младите за екологијата преку одржување на еко акции. Младинците организирале еколошка акција, организирале концерт од кој собраните средства ги употребиле за набавка на алати за чистење и канти за рециклирање. Анимирале голем дел од заедницата која учествувала во реализирање на нивната цел.

**104. ООЦК Карпош - „Промоција на хумани вредности"**

Целта на овој проект е да се реализираат работилници, односно предавања за организацијата на Црвениот крст. Младинците одржале 2 работилници опфаќајќи 60 ученици од средно училиште во град Скопје. Темите на работилниците биле токму промоција на хуманите предности.

**105. ООЦК Центар - „Од мала соба до топол дом“**

Цел на младите кои го реализирале проектот била обезбедување финансиски средства за набавка на неопходните предмети во домот и олеснување на секојдневието на баба Ј. која живее во скромна куќа, во Маџир Маало. Волонтерите организирале неколку активности за да дојдат до средствата неопходни за реализирање на планираното и тоа собирни акции, свирка, мали штандови со рачни изработки на честитки со различни пораки на различен јазик. Со собраните средства комплетно го обновиле домот на бабата со што и го олесниле функционирањето и го подобриле квалитетот на животот. Акцијата за помош и поддршка траела подолг период, а волонтерите се вложиле во секој чекор - од давање идеја до кречење и уредување.

**106. ООЦК Центар - „Инклузивно катче - забава за сите“**

Под слоганот “Среќата се множи со делење!” младинците ја постигнале целта на овој проект – да креираат забавно катче за учениците кои посетуваат настава во Државното средно училиште за рехабилитација и образование „Св. Наум Охридски“.

Катчето ќе им користи на учениците за квалитетно исполнување на нивното слободно време, притоа за време на реализација на проектот волонтерите се дружеле со целната група, запознавајќи се со различни култури, промовирајќи инклузивност, соживот и толеранција.

Потребните средства за реализација на проектот, младинците ги собрале преку бројни активности: собирни акции во ТЦ Веро Џамбо и СУГС „Јосип Броз Тито“; креативни работилници заедно со учениците од ДСУ „Св. Наум Охридски“ за изработување картички за благодарност на македонски, албански и турски јазик и за печатење на керамички чаши; работилница заедно со професорите и учениците за готвење слатки јадења специфични за различните култури - тулумби, трилече и парен колач; организирање базар во СУГС „Јосип Броз Тито“ заедно со волонтери на Еразмус + програмата каде беа изложени брендираните чаши и зготвените благи јадења; пријателски турнири во различни спортови заедно со учениците од ДСУ „Св. Наум Охридски“, организирање базар во просториите „Македонија-Осигурување“.

Со собраните 11.308 денари, младинците купиле маси за фудбал и реквизити за забава со што го уредиле рекреативното катче.

**107. ООЦК Центар - „Секое дете да има безгрижно детство“**

Целта на проектот е разубавување на секојдневието на децата сместени на УК Педијатрија и подобрување на услобите преку донација на 2 шкафови/плакари. Волотнерите својата цел ја постигнале и преку директна работа со децата т.е. активности за нивна анимација и социјализација. За да ја постигнат целта, младите организирале собирни акции и две хуманитарни свирки.

**108. ООЦК Центар - „Радоста има глас“**

Тимот на волонтерите одлучиле да дадат поддршка на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас со тоа што организирале собирна акција, и со собраните средства

обезбедиле потребни материјали во Заводот и креирале и нови оригинални дидактички материјали со кои работеле со децата од Заводот. Тие исто така помогнале да се уреди дворот на Заводот преку реализирање на работилница за садење и одржување на цвеќиња.

**109. ООЦК Кисела Вода - „Безброј желби - една најсилна“**

Младинците сакале да ги подобрат условите за живот на 13 годишниот П. со аутизам и неговата мајка А. која сопругот ја напуштил кога дознал дека ќе имаат дете со аномалии. Тие со писма се обраќале до донатори, организирале многу активности со помош на спонзори (Велигденски базар со рачни изработки, продажба на чоколадни задоволства, акција во градинка ЈДГОА „Срничка“, хуманитарен музички концерт во театар Комедија со многу пејачи и ораторска Панел дискусија. Во текот на сите активности младинците интензивно ги промовирале истите, медиумски ги покривале, учествувале во утринска програма, емисии во живо, користеле социјални мрежи, итн. На крај од проектот имале обезбедено инвалидска количка- чадор, шпорет, фрижидер, телевизор, машина за перење алишта, работно биро, душек, дидактички материјали, наменски стол, медицинска терапија со витамини и суплементи за П. Дел од работите ги добиле од донаторите каде се обратиле, а дел ги купиле.

**110. ООЦК Кисела Вода - „Среќа е ние заедно“**

Целта на проектот е промоција на мир, толеранција и култура. Младите преку видеозаписи успеале да ги презентираат минатото и сегашното време, пораката да не се шири говор на омраза, насилство кое е присутно кај младите на возраст од 13-18 год. Проектот беше насочен кон волонтерите на ЦК, клуб на млади, училишните клубови од основните и средните училишта.

**111. ООЦК Кисела Вода - „Од мала процена до голема промена“**

Целта на овој проект е да се овозможи разеленување и комплетно опремување на слободен простор во рамки на ООУ „Кирил Пејчиновиќ“, општина Кисела Вода, и истиот тој простор да служи за учениците, наставниот кадар како и за сите случајни минувачи. Младите организирале низа креативни работилници за изработка на велигденски украси и истите ги продавале на велигденскии базар во училиштето. Од заработените средства од продажбата на велигденските украси, младите купиле 12 родни дрвца и украсни елки и истите ги засадиле во новото зелено катче во училиштето. Паркот е именуван „Парк на хуманоста“

**112. ООЦК Кисела Вода - „Ако не ние, кој? Ако не сега, кога?“**

Целта на овој проект е помош на млада мајка и нејзиниот тригодишен син. Преку собирни акции, фолклорен концерт и донатори собрани се финансиски средства со кои се обезбедени покуќнина (фрижидер, шпорет, бела техника, храна за 6 месеци). Она што е најважно е обезбедените лекарски, стоматолошки прегледи на мајката и обезбедување на забни вилици кои се неопходни поради оштетување на забите при епи-

лептичен пад. Младата мајка се соочува со психички потешкотии поради здравствени, финансиски и семејни проблеми, за кои тимот обезбеди психолошко советување во рок од една година.

**113. ООЦК Чаир - „Ангел чувар“**

Учесниците во проектот го детектираат социјално загрозеното семејство од Чаир кое го сочинуваат самохрана мајка (со дијабетес и срцеви заболувања) и нејзините 4 малолетни деца, кои живеат под кирија што им ја плаќаат невладини организации. После истражувањето одлучуваат да им набават лекови за мајката, училишен прибор, обувки и облека за децата. За таа цел прават неколку собирни и продажни акции во училиште и по згради, собираат вкупно 12.541 денар и половна облека. Со парите купуваат лекови за мајката, училишен прибор и обувки за децата. Купените работи и собраната облека ги донираат на мајката. Со парите што им останува купуваат ортопедски кломпи за баба Јелица која живее сама

**114. ООЦК Чаир - „Здравјето е единственото богатство“**

Проектот е насочен кон помош на самохрана мајка Ф. С. 71 година и нејзиниот син Ш. 36 год кој е со церебрална парализа. Целта на младинците била да им обезбедаат лекови за потребната терапија за една година.По смрта на мажот, Ф. останала сама, невработена, во лоша финансиска состојба. Младите, по првичниот состанок, организирале собирни акции во четири учиштата преку кои собрале вкупно 21.741 ден. со што обезбедиле потребна терапија за 14 месеци.

**115. ООЦК Чаир - „Различност“**

Младинците различни етникуми имале желба меѓусебно да се дружат, да се запознаат и одлучиле тоа да го прават преку готвење на традиционална храна којашто е карактеристична за секоја етничка припадност. Зготвената храна одлучиле да ја продадат и организирале базар на храна во Стара чаршија со цел да и помогнат на едно социјално загрозено семејство.

**116. ООЦК Чаир - „Тие кои садат дрва, садат иднина“**

Целта на проектот е уредување на дворот на Центарот за рехабилитација во Чаир во кој престојуваат околу 30 лица , како и дружење и социјализирање со нив. Садниците се купени со средства кои биле собрани при собирна акција во Стара чаршија во Скопје. Волонтерите, во консултација со стручни лица, одлучиле да купат и засадат цреша, јаболка, аронија и калинка. Заедно со децата од центарот ги саделе садниците, го декорирале делот околу садниците, се дружеле со нив преку неколку заеднички активностите.

**117. ООЦК Чаир - „Нашиот сон“**

Тимот имал за цел да помогне на семејството на свој соученик, составено од мајка и две малолетни деца, кои по смртта на таткото останува без сопствен дом и живеат во

една соба во руинирана куќа во многу тешки услови. Децата не можат да одат на училиште бидејќи немаат соодветна облека. Тимот истовремено прави акции за помош на семејството, но и анимирање на децата. Одат во Зоолошка градина, играат во паркот, одат на Водно и прв пат се возеле со жичара, ги носат на пикник. Од едукативен дел, децата доаѓаат во ООЦК Чаир за да научат како правилно да се грижат за личната хигиена.

**118. ООЦК Град Скопје - „Посебни лица посебни насмевки“**

Тимот имал за цел да помогне на Дневниот центар за корисници со церебрална парализа преку купување на инвалидска количка, преку која ќе се олесни работата и на дневниот центар, и престојот на корисниците во него.

Средства за купување на количката се обезбедени преку котизација за учество и продажба на карти за хуманитарен фудбалски турнир во рамки на ООУ Киро Глигоров – Скопје, каде и е самиот центар. Идејата, комуникацијата со училиштето, организацијата и продажбата на картите ги правеле младите од тимот за реализација на проектот.

**119. ООЦК Град Скопје - „Со музика до единство“**

Во рамките на проектот, преку музиката и песни на различни јазици, младинците имале за цел да се зближат едни со други, да се дружат и подобро да се запознаат со сопствената, но и дел од културата на другите. Со многу голема посветеност, волонтерите успеале да реализираат забава  преку која мултикултурата добила на значење, и на истата биле изведувани песни на различни јазици.

**120. ООЦК Град Скопје - „Бетонска рампа за безброј насмевки“**

Целта на овој проект е да се изгради функционална рампа за олеснат пристап и мобилност во влезот на зградата каде живее Н. - лице со церебрална парализа и корисник во дневниот центар за лица церебрална парализа Капиштец што се наоѓа во склоп на ООУ „Киро Глигоров“ во Скопје. Рампата би била од суштинско значење за Н. при извршување на неговите секојдневни обврски. Тој живее во скопската населба Капиштец со неговите мајка и брат кои треба да го качуваат/симнуваат по скали со количката. Со рампата, самостојно би се движел со електричната количка не само Н., туку олеснет пристап би им се овозможил и на сите други станари, на пример: при внесување и изнесување на детска количка, велосипед, тротинет, медицинска количка или кревет на брза помош и слично.


CKGS.ORG.MK